**Известување за концентрација со која Пословни систем Меркатор д.о.о., Словенија ќе стекне самостојна контрола над ЕНГРОТУШ претпријатие за трговија, д.о.о., Словенија**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 04.12.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација која се однесува на стекнување на самостојна контрола од страна на Пословни систем Меркатор д.о.о., со регистрирана адреса на Дунајска цеста 107, 1000 Љубљана, Словенија над ЕНГРОТУШ претпријатие за трговија, д.о.о., со регистрирана адреса на Цеста в Трновље 10А, 3000 Целје, Словенија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Пословни систем Меркатор д.о.о.** (во натамошниот текст: “Меркатор”) е дел од Фортенова Групациајта, чија основна дејност е малопродажба на стоки за секојдневна потрошувачка до крајните потрошувачи преку мрежа на продавници за малопродажба низ Словенија, Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора.

Меркатор има едно поврзано правно лице на територија на Република Северна Македонија:

- Друштво за производство, трговија и услуги МЕРЦАТОР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје – во ликвидација, со ЕМБС 5938848 и седиште на ул. Огњен Прица бр.1/3-28 Мезанин, Кисела Вода, 1000 Скопје, Северна Македонија. (во натамошниот текст: „Мерцатор МК“). Регистрираната приоритетна дејност на Меркатор МК е 47.11 - Трговија на мало во неспецијализирани продавници пред се со храна, пијалаци и тутун, но повеќе не е комерцијално активно.

**ЕНГРОТУШ претпријатие за трговија, д.о.о.** (во натамошниот текст: “Енгротуш”) е друштво чија примарната деловна активност е трговија со производи за секојдневна употреба, која е надополнета со активности за забава, рекреација, угостителство и изнајмување на недвижен имот.

Енгротуш нема поврзани правни лица, ниту пак има остварено приходи на територијата на Република Северна Македонија.

По однос на **релевантниот пазар на стоки** за предметната концентрација, Подносителот предлага дека дефинијата за истиот би можела да биде пазарот за неспецијализирана трговија на мало со прехранбени производи и стоки за општа потрошувачка.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

07.12.2023 година, Скопје